РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ENTI SHTETËROR PËR STATISTIKË
Бр.-Nr. 32-600/2
24-03-2023 год.-viti

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Фондација за интернет и општество Метаморфозис, имателот на информацијата Државен завод за статистика го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од Фондација за интернет и општество Метаморфозис, ул.,,Франклин Рузвелт" бр.19, кат 2, 1000 Скопје, заведено под бр.32-600/1 од 22.03.2023 година по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

1.Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2022, односно:

- Број на информации кои се означени со степенот ,,државна тајна" во 2022
- Број на информации кои се означени со степенот ,,строго доверливо" во 2022
- Број на информации кои се означени со степенот ,,доверливо" во 2022
- Број на информации кои се означени со степенот ,,интерно" во 2022
- Број на информации кои се означени со степенот ,,за ограничена употреба" во 2022

2.Вкупен број на информации чиј рок е продожен поради доверливост на податокот во 2022.

Барањето се одговара позитивно.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од Фондација за интернет и општество Метаморфозис имателот на информацијата Државниот завод за статистика одговори позитивно, и тоа

1.Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2022, односно:

- Број на информации кои се означени со степенот ,,државна тајна" во 2022 - нема
- Број на информации кои се означени со степенот ,,строго доверливо" во 2022 - 3
- Број на информации кои се означени со степенот ,,доверливо" во 2022 - 1
- Број на информации кои се означени со степенот ,,интерно" во 2022 - нема
- Број на информации кои се означени со степенот ,,за ограничена употреба" во 2022 - 12

2.Вкупен број на информации чиј рок е продожен поради доверливост на податокот во 2022 – нема.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението.

Директор
Апостол Симовски

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Кристина Рочевска – советник за правни работи и официјална статистика

_______________

Број 03 –
од 24.03.2023 год.